Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 13** **Час: 6**<br>**Датум:** | | | **Тема 3: Програма за мултимедијални презентации**<br>**Наставна единица: Начини на презентација** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да се оспособи да изготви целосна презентација со слајдови. | **<u>Сите можат:</u>**<br>да наведат како се изработува презентација | Што е презентација? За која тема изработивте презентација? Која е целта на таа презентација? Што е слајд? Колку слајдови има вашата презентација? Што содржат слајдовите од вашата презентација? На овој час ќе научите како се стартува изработената презентација и како усно се презентира нејзината содржина. | З<br>метод на објаснување | План за правење презентација<br><br>Компјутери<br><br>LCD проектор | Набљудување<br>Прашања<br>Одговори |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да стартуваат презентација и да презентираат на соодветен начин | - Наставникот објаснува како се стартува изработената презентација.<br><u>Прв начин</u>: се притиска копчето F5 од тастатурата.<br><u>Втор начин</u>: се кликнува Слајд шоу > Слајд шоу од главното мени. Од еден на друг слајд се преоѓа со лев клик на глувчето или со стрелките на тастатурата.<br>- Наставникот на табла запишува правила за добра презентација пред публика:<br>• придржувај се до темата;<br>• користи прашања за да им биде интересно на слушателите;<br>• секогаш биди сигурен дека она што го кажуваш е точно;<br>• користи едноставни и кратки примери кога објаснуваш.<br>- Учениците се поделени во групи: треба да направат пробна презентација и да се потсетат на содржината на презентацијата.<br>- По еден претставник од секоја група прави целосна презентација со слајдови на LCD проектор.<br>Се напоменува дека постојат повеќе начини на презентирање: **презентирање на самиот компјутер**, **презентирање со користење проектор** кој сликата ја прикажува на проектно платно. Презентацијата може да се испечати и на хартија. | метод на демонстрација<br><br>Г<br>метод на работа со компјутер | | Набљудување |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да постават критериуми за добра презентација | Учениците ја прогласуваат најдобрата презентација и објаснуваат зошто е најдобра. | И<br>метод на објаснување | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги/групи/ возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: објаснуваат како се изработува презентација<br>Главен дел: стартување на презентација и презентирање, работа со ученици кои имаат потреба од индивидуален пристап<br>Завршен дел: избор на најдобра презентација | | | | | | стартува, правила, добра презентација. |

obrazovanie.literatura.mk